**ЗАПИСНИК**
**Од Третата седница на Националниот совет за евроинтеграции**
**одржана на 17 јули 2018 година,**
**сала Борис Трајковски**

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции започна во 11.35 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г. Никола Попоски, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На третата седница на Националниот совет за евроинтеграции свое обраќање имаше г.Јоханес Хан, Комесар за европска соседска политика и преговори за проширување на Европската комисија.

На седницата присуствуваа: претседателот на Собранието на Република Македонија г. Талат Џафери, Шефот на Делегацијата на ЕУ во Република Македонија г.Самуел Жбогар и европратеникот и известител за Република Македонија во Европскиот парламент г.Иво Вајгл. На седницата беа поканети и присуствуваа претседатели и членови на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика, Мешовитиот парламентарен комитет РМ и ЕУ, амбасадори на земјите-членки на ЕУ и медиумите.

Од Националниот совет за евроинтеграции на седницата присуствуваа: г. Никола Попоски, претседател на Советот, г-ѓа Ивана Туфегџиќ, потпретседател на Советот, г.Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања и член на Советот, пратениците и членови на Советот: г.Илија Николовски г.Илија Димовски, г. Емил Димитриев, г. Артан Груби, г.Африм Гаши, и г-ѓа Шпреса Хадри и пратениците заменици-членови на Советот: г-ѓа Маја Морачанин, г.Благојче Трпевски, г.Фадил Зендели, г.Сурија Рашиди, г-ѓа Елизабета Канческа Милеска, г. Весел Мемеди и г-ѓа Магдалена Манаскова.

На седницата присуствуваа членовите на Советот: г.Бојан Маричиќ од Кабинетот на Претседателот на Владата на Република Македонија, г-ѓа Иванка Василевска од Кабинетот на Претседателот на Република Македонија и г.Насер Селмани од Здружението на новинари на Македонија.

Од претставниците на Националниот совет за евроинтеграции на седницата присуствуваа: г-ѓа Данела Арсовска од Сојузот на стопански комори, г-ѓа Савка Тодоровска од Граѓанската платформа на Македонија, г.Антони Пешев од Стопанска комора на Македонија, г.Шинази Мемеди од Исламската верска заедница, г-ѓа Ена Абјаниќ од Католичката црква. На седницата присуствуваше г.Дарко Димовски на место претставникот и заменик-претставникот од Сојузот на синдикатите.

На седницата присуствуваа претставници од Владата на Република Македонија, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за надворешни работи, претставници од Службата на Собранието и медиумите.

**Комесарот за европска соседска политика и преговори за проширување на Европската комисија, г.Јоханес Хан** изрази задоволство за можноста да се обрати пред Националниот совет за евроинтеграции, имајќи предвид дека граѓанското општество и бизнис заедницата се од круцијално значење за формирање на јавното мислење во земјата и истите претставуваат клучни играчи за евроинтеграцискиот процес. Комесарот нагласи "имате средба со историјата, нема време за губење". Тој истакна дека постигнатите историски договори со Република Бугарија и Република Грција создадоа позитивен моментум на европската страна и со нив Република Македонија покажа посветеност и одлучност да се надминат билатералните спорови. Во тој контекст укажа дека Европската комисија во Стратегијата за Западен Балкан утврди критериум да не прифаќа нови земји членки без решение на билатералните спорови, а Република Македонија во таа насока покажа позитивен пример за регионот во делот на зајакнување на добрососедските односи. Комесарот Хан укажа дека Советот за општи работи на ЕУ ја отвори патеката за отворање на пристапните преговори за јуни 2019 година и во таа насока Европската комисија ја има задачата да започне со подговителни активности. Во обраќањето комесарот Хан потенцираше дека е важно да се продолжи со имплементација на Пржинскиот договор и Итните реформски приоритети. Изрази задоволство што Република Македонија испорача резулати на евроинтеграцискиот план и сега на потег е Европската унија. Скрининг процесот преставува темелна активност на Европската комисија и со него државата се подготвува за почеток на преговорите, ќе овозможи државата да се запознае подобро со европското законодавство и во исто време Европската комисија да го оцени нивото на подготвеност за обврските од членството, особено во поглавјата 23 и 24. Комесарот Хан оцени дека Националниот совет за евроинтеграции има важна улога во процесот на пристапување и во други држави, па очекува и во Република Македонија, Националниот совет за евроинтеграции и во наредните месеци да има круцијална улога. Особено е важно Националниот совет да демонстрира инклузивност и да работи на стратешките приоритети на земјата. Во Националниот совет постои единствена можност да се обединат различните сили во општеството и да се направи разлика на подобро. Комесарот Хан апелираше до сите чинители да бидат концентрирани и обединети кон постигнување на европската цел и да се даде приоритет на клучните области. Порача дека Европската комисија ќе продолжи да помага во сите области особено: реформите во правосудството, борбата против корупцијата и организираниот криминал, реформата на безбедносните и разузнавачките структури како и на јавната администрација. Тој укажа дека дел од овие реформи се комплементарни со реформите потребни за зачленување во НАТО и упати искрени честитки за поканата која Република Македонија ја доби за членство во Алијансата. Во однос на предвидениот референдум, комесарот Хан потенцираше дека истиот ќе биде особено важен за иднината на Република Македонија и ги повика граѓаните да го остварат своето демократско право бидејќи не треба да се потцени ниту еден глас за крајниот исход од референдумот.

**Известителот во Европскиот парламент за Република Македонија г.Иво Вајгл** во обраќањето ја потенцираше историската шанса на Република Македонија за членство во ЕУ и НАТО. Истакна дека нема да има втора шанса да се решат отворените прашања кои го оптоваруваа процесот за Република Македонија. Го поздрави компромисот како клуч за парламентаризам кој го постигнаа владите на Република Македонија и на Грција изразен преку постигнатиот договор. Европратеникот Вајгл апелираше до пратениците заеднички да работат во име на националните интереси на земјата, надминувајќи ги партиските интереси. Го истакна доброто искуство со процесот „Дијалог Жан Моне“, кој

покажал дека има интерес пратениците да работат заедно, како основа за добар прогрес кој треба да продолжи и во иднина.

**Во обраќањето претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г. Никола Попоски,** истакна дека Република Македонија требаше да го започне скринингот уште во 2005 година, откако стана земја кандидат за членство во Европската унија. Тој укажа дека скринингот е дијагноза, односно согледување на тоа колку македонското законодавство е усогласено со законодавството на ЕУ и дали има институции кои можат да ги применат законите. Според Попоски, Република Македонија има одлични закони, но кубури со институциите. Попоски оцени дека потребна е промена на менталитетот „имаме мнозинство правиме што сакаме“ и главен аргумент кој го користи власта е дека и претходните правеле така. Попоски смета дека имаме привилегија да ја зацврстиме Македонија и да и помогнеме да го смени менталниот склоп. Тоа треба да заврши, а одговорноста ја носат и власта и опозицијата. Во своето обраќање г.Попоски истакна дека во наредните шест месеци наместо да се печатат закони кои ќе бидат позитивно оценети од експерти, потребно е власта и опозицијата да се посветат, обединат и да направат домашен, македонски скрининг на капацитетот на институциите. Според Поповски пратениците од владејачкото мнозинство пред еврокомесарот Хан демонстрираат желба за обединетост околу стратешките приоритети, а од друга страна откако ќе си замине еврокомесарот, ќе се одржи Собраниска седница на која повторно ќе се прекршуваат процедурите.

**Потпретседателката на Националниот Совет за евроинтеграции г-ца Ивана Туфегџиќ**, во обраќањето истакна дека одговорноста е кај сите политички чинители и затоа треба сите да внимаваат што зборуваат, бидејќи, посочи, од ширење омраза стигнавме на работ на бездната пред една година. Во Собранието, по 27 април направени се сериозни чекори за надградување на дијалогот. Туфегџиќ нагласи дека темелниот скрининг процес претставува клучен момент за отпочнување на преговорите на Република Македонија со ЕУ. Од страна на сите политички актери направен е дополнителен напор во унапредувањето на дијалогот не само во однос на реформските пакети туку и на други области од големо значење на граѓаните, вклучително и прашањата за правата на жените, младите и маргинализираните групи. Сериозен исчекор напред во унапредување на човековите права е направен со формирањето на клубовите за млади, ромите и ЛГБТИ заедницата. Формирањето на интерпартиските парламентарни групи претставува пример за тоа како во Собранието може да се изгради конзензус за значајни прашања кој понатаму може да послужи и во реформскиот процес, особено во вклучувањето на граѓанското општество како надворешен партнер.

**Заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, г. Бујар Османи,** ја истакна конструктивната улога на Собранието и неговите работни тела посебно во клучните моменти во процесот на реформите, што впрочем така и треба да се случува бидејќи пристапните преговори неможе да се реализираат успешно без конструктивно Собрание со целосно подготвени капацитети за следење на темпото на преговорите. По добиените покани за членство во ЕУ и во НАТО имаме една година пред нас за да покажеме дека го заслужуваме местото во евроатланското семејство, да покажеме обединетост и на генерациите да им оставиме држава со европски вредности. Заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, г.Бујар Османи порача дека ова е време на големи стратешки одлуки и дека нема време за губење. Државата ја очекува голема работа и затоа е потребно да се обезбеди синергија од сите општествени чинители. Во оваа насока Националниот совет за евроинтеграции може да

придонесе за поуспешни чекори во следниот процес на евроинтеграција бидејќи процесот е заеднички.

**Претседателот на Комисијата за европски прашања и член на Советот г. Артан Груби** во дискусијата истакна дека од Пржинскиот договор, за кој комесарот Хан лично дал придонес, произлегоа Државната изборна комисија, Специјалното јавно обвинителство, листата на системски реформи како и предвремените парламентарни избори. Овие елементи од Пржинскиот договор придонесоа за одржување на кредибилни избори, веродстојни институции, враќање на партнерските односи со ЕУ, како и со датум за членство во НАТО Алијансата и започнување на преговори со ЕУ. Истакна дека од склучување на Пржинскиот договор до денес државата имала бројни предизвици и тоа: две распуштања на Парламенотот, скандалозна аболиција, протести против аболицијата, пролонгирање на два изборни циклуси, инциденти во Куманово и Гошинце, оставки од премиери и министри, пола година функционирање на техничка влада, конститутивна седница од 4 месеци, недавање на мандат за формирање на Влада, насилно влегување во Собранието, па избор на Претседател на Собранието на Република Македонија, избор на Влада на Република Македонија со кревко парламентарно мнозинство, мигрантска криза и бројни и геополитички препукувања. Сепак, констатираше Груби, државата успеа да се избори со сите нив, бидејќи политичките партии работеле заедно. Во тој контекст ја поздрави конструктивната улога на опозицијата и ја покани последните чекори кон ЕУ да ги прават заеднички, да изберат нов состав на Државната изборна комисија и заедно да ги усвојат уставните амандмани. Истакна дека Република Македонија не е проблем и товар за ЕУ туку нејзин одржлив партнер. Заклучи дека успехот на Стратегијата за проширување на ЕУ зависи од сите чинители, и од ЕУ и од Република Македонија.

**Претседателот на Мешовитиот парламентарен комитет на ЕУ-РМ, г. Горан Милевски** изрази жалење што Македонија изгубила многу време и што сеуште не ги започнала преговорите со ЕУ. Укажа дека започнувањето на скрининг процесот како аналитичка операција на скенирање на усогласеноста на македонското законодавство со европското, е со цел да се утврди степенот на компатибилност и основа за градење на нашите позиции за претстојните преговори за членство во ЕУ. Милевски оцени дека гостувањето и обраќањето на комесарот Хан е валоризација за заедничките напори на сите пратеници во донесување на реформските закони со кои се овозможи земјата да зачекори во следната фаза од евроинтеграцискиот процес. Истакна дека Собранието заедно со Владата работеле посветено на реформите во последните 12 месеци, при што потенцираше дека за нецела година затворени се суштински прашања со нашите соседи кои досега не попречуваа во евро-атлантската интеграција. Оцени дека подобро е да живееме едни со други отколку едни до други. Милевски нагласи дека ќе продолжат реформите од Планот на Владата 18, не само заради членството во ЕУ туку пред се за доброто на граѓаните на државата. Милевски укажа дека треба да се покаже дека имаме силни и здрави институции кои имаат капацитет да одговорат на европските предизвици. Милевски очекува поддршка од колегите европратеници и од земјите-членки на ЕУ, на патот кон ЕУ со цел ефикасно и успешно да се одговори на задачите кои не очекуваат.

**Пратеникот и заменик-членот на Националниот совет за евроинтеграции г.Фадил Зендели** во дискусијата укажа дека интенцијата на сите политички субјекти е иста - нивна стратешка цел е Република Македонија да стане членка на Европската унија. Сепак, политичките субјекти имаат различни видувања за начините како да се постигне финалната цел. Зендели истакна дека е потребна заедничка ангажираност на позицијата и опозицијата на евроинтеграцискиот пат, но одговорноста на мнозинството е многу

поголема во процесот на усогласување на различните ставови и нивно поставување на иста линија. Зендели укажа дека Движењето Беса како опозициска партија го поддржува евроинтеграцискиот процес, Договорот за името со Република Грција, како и заклучокот на Советот на ЕУ што ни отвара врати за почеток на преговорите. Сепак, ова отварање на врата од евроинституциите е условено со нови и стари услови, во однос на судството, јавното обвинителство, јавната администрација, корупцијата и безбедносните структури. Констатираше дека и во минатото се спроведувале реформи за овие важни прашања а сепак проблемите се повторуваат. Во однос на Планот 3-6-9 , Зендели истакна дека иако Владата тврди дека поголемиот дел од предизвиците се надминати, сепак согледувањето на ЕУ е дека државата има проблеми во истите нотирани области - судството, јавната администрација, безбедносниот сектор. Според Зендели, не сме оствариле напредок на клучните прашања и токму затоа остануваат условувањата од ЕУ. Зендели оцени дека сеуште постои политизација на судството и селективна правда и треба да се најдат начини и механизми овие состојби да се надминат. Во однос на Законот за јазиците, г. Зендели истакна дека истиот не е услов за евроинтегративните процеси но треба да се најде начин законот да стапи во сила и да се спроведе.

**Пратеникот и заменик-член на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ, г-ѓа Мерал Узеири Ферати,** во дискусијата истакна дека чекорите кои земјата ги презема кон евроинтегративиот пат се успешни и дека сите треба да се чувствуваме како победници. Меѓународниот фактор одиграл важна улога во справувањето со предизвиците со кои државата се соочувала во изминатиот период и во тој контекст г-ѓа Узеири Ферати заблагодари на присутните претставници на Европската унија за превземениот ангажман. Република Македонија треба да е свесна дека евроинтеграциите и поканата за НАТО не се лек со кои ќе се решат проблемите на граѓаните. На патот кон ЕУ и НАТО не очекува многу работа во иднина. Државата се соочува со предизвици во меѓуетничките односи кои треба перманентно да се релаксираат. Треба да се гради правна држава и владеење на законот каде ќе се градат веродостојни институции кои ќе им служат единствено на граѓаните. Мерал Узеири Ферати потенцираше дека претстои многу работа во борбата против корупцијата, организираниот криминал, реформата на јавната администрација, намалувањето на невработеноста и откривањето на нови перспективи во државата.

**Претставникот на НСЕИ од Граѓанската платформа на Македонија, г-ѓа Савка Тодоровска,** постави две прашања до еврокомесарот Јоханес Хан: каде еврокомесарот Хан ја гледа Република Македонија во наредните 10 години и како тој гледа на улогата на граѓанските организации за успешно спроведување на референдумот во Република Македонија.

**Претставникот на НСЕИ од Сојузот на стопанските комори на Македонија, г-ѓа Данела Арсовска** во дискусијата укажа дека деловната заедница која го креира Буџетот на државата треба да има глас и удел за тоа што ќе се случува и како ќе се движат процесите во државата. Арсовска го поздрави говорот на еврокомесарот Хан во контекст дека деловната заедница како засегната релевантна страна има клучна позиција во процесот за интеграција на Република Македонија во ЕУ. Апелираше до г. Хан, како комесар за проширување во Европската комисија, да посвети малку повеќе време на она што е иднината на Република Македонија и да овозожи деловната заедница како релевантна засегната страна, да биде вклучена не само во процесите на консултирање, туку и во процесите на одлучување.

**Членот на НСЕИ претставник од Здружението на новинари на Македонија, г. Насер Селмани** изрази задоволство што во Европа се зацврстува свеста дека Балканот е Европа затоа што корените на Европа потекнуваат токму од Балканот. Во дискусијата Селмани упати неколку пораки: побара поголемо внимание за реформите во медиумите во текот на преговорите за пристапување кон ЕУ. Професионалните медиуми се најдобар лек против секоја злоупотреба на власт. Селмани се обрати со порака и до власта укажувајќи дека иако има промени во медиумската сфера, истите се далеку од одржливи. Побара да се прекине со политиката на неказнивот за насилството кон новинарите. Потенцираше дека Министерството за внатрешни работи новите напади ги расчистува поефикасно, но и дека до ден денес ниту еден од насилниците не е изведен пред лицето на правдата. Селмани побара да се утврди кривична одговорност за службените лица во МВР кои постапувале по овие случаи, а во однос на политиката на неказнивост за нападите кон новинарите, упати апел власта да не се крие зад јавното обвинителство, туку да се поразговара со новоизбраниот државен јавен обвинител и да се надмине овој проблем. Во врска со пристапот кон реформа на јавниот радиодифузен сервис, Селмани го оцени како погрешен и укажа дека реформа не се спроведува со намалување на буџетот на МРТ. Потенцираше дека системот на финансирање на МРТ мора да биде ослободен од политички влијанија и не смее да зависи од волјата на ниту една политичка власт. Селмани апелираше опозицијата да не го блокира законот за аудио и аудио визуелни-медиумски услуги затоа што предложените измени, со исклучок на моделот за финансирање на МРТ, се добри за медиумите. Селмани упати порака до медиумите укажувајќи дека поголемата слобода бара и поголема одговорност и замоли медиумските работници да бидат доследни во почитување на основните принципи на Кодексот на новинари.

**Членот на НСЕИ и претставник од Кабинетот на Претседателот на Република Македонија г-ѓа Иванка Василевска,** во дискусијата изнесе мислење дека во Република Македонија има политички прогон како во периодот 1945-1949 година. Според Василевска во државата е суспендиран правниот, политичкиот, судскиот и обвинителниот систем и дека со политичко насилство и противуставно е инсталирана извршната власт. Укажа дека по гаранциите и ветувањата кои биле писмено доставени до Претседателот на Република Македонија од страна на премиерот, македонското општество го прифатило компромисот од хаосот да транзитира кон поредок. Според г-ѓа Василевска, после една година не може да не се констатира дека владеењето на правото како темелна уставна вредност е комплетно поништено, а слободите и правата на граѓаните се суспендирани и загрозени. Василевска упати критика до Владата за со непочитување на Уставот и законите. Според Василевска со помош на опструирано судство континуирано се спроведува политички прогон кон неистомисленици. Во име на семејствата на граѓанската иницијатива "Илинден 4" г-ѓа Василевска, на еврокомесарот г.Хан му врачи писмо со цел да го запознае со состојбата во која се наоѓаат лицата.

**Комесарот за европска соседска политика и преговори за проширување на Европската комисија г.Јоханес Хан**, на крајот на седницата даде заклучни согледувања и одговори на поставени прашања. Комесарот Хан се заблагодари на дебатата и истата ја оцени како доста интересна и даден добар впечаток за различни мислења во државата. Тој најави дека во средината на септември повторно ќе ја посети државата по повод настанот "Медиумски денови на Западен Балкан" што годинава ќе се одржи во Скопје. Овој настан ќе се осврне на предизвиците со кои се соочуваат европските земји, меѓу кои и на прашањето за јавниот радио-дифузен сервис кој е проблем во многу држави, не само во регионот. Во однос на претстојниот референдум, многу е важно истиот да обезбеди

секој да го даде својот придонес врз основа на сопственото лично убедување. Референдумот не треба да биде заложник на политиката, и во оваа насока граѓанското општество треба да помогне да се обезбеди непристрасност во референдумот. Скрининг процесот како и процесот на преговори дава огромна можност да се променат нештата, да се зајакне демократијата, да се разбере потребата од постигнување на компромис. Комесарот Хан упати порака до организациите на граѓанското општество повеќе да се фокусираат на руралните области во државата бидејќи општеството не е само главниот град на државата. Потребна е голема посветеност на владеење на правото, почитување на Уставот од сите подеднакво и во овој контекст Комесарот Хан очекува дека преговорите може да дадат придонес кон зголемена посветеност и конкретна примена на начелата на владеење на правото. Доколку се постигне напредок и се материјализира се она што се очекува, би било реално да се каже дека за десет години Република Македонија би можела да стане членка на ЕУ.

**Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г. Никола Попоски,** во завршното обраќање изрази надеж дека дискутантите не го разочарале еврокомесарот Хан со демократскиот капацитет на различните видувања. Констатираше дека во Република Македонија сеуште има потешкотии да се прифатат различни видувања и размислувања, а за тоа да се совлада, потребен е дополнителен демократски капацитет. Сепак, и покрај разликите, г. Поповски потенцираше дека сите чинители се согласни дека ЕУ претставува наша иднина и гарант за успех, при што изрази верување дека после 10 години многумина ќе кажат дека ова не биле залудно потрошени времиња.

Седницата на Советот заврши во 13.02 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки од Третата седница и списокот на присутни членови и претставници на Советот, и нивни заменици.

31-3574/1
20.06.2019

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ**
**ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**
**Никола Попоски**

Раководител на Секторот за поддршка на
Националниот совет за евроинтеграции,
Даниела Велковска